ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 19-419/6

Дата: 26.12.2011

ДО
КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија Скопје (во понатамошниот текст Комисијата ) за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2005 година, при што издадено е мислење со резерва за финансиските извештаи и за законското и наменското користење на средствата.

Со ревизијата за 2010 година беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година при што е констатирано дека е постигнат напредок во нивната имплементацијата.

Врз основа на резултатите од ревизијата за 2010 година, ние изразивме мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи додека во однос на усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики за 2010 година изразивме мислење со резерва.

Со ревизијата за 2010 година утврдивме дека правото на плата, надоместоци од плата од работен однос како и правата по престанување на функцијата на претседателот и комисионерите не се утврдени со Закон. Комисијата ги има регулирано овие права со Колективен договор на ниво на работодавец, иако претседателот и комисионерите (членови) се избрани лица од Собранието на Република Македонија.

Со увид во планирањето, спроведувањето и реализација на постапките за јавни набавки констатиравме пречекорување на рокот на испорака на софтверските апликации и компјутерската опрема со што се доведуваат во нерамноправна положба понудувачите кои понудиле реални рокови за набавка.
Кај дел од постапките за јавни набавки во финансиската понуда наведен е само еден критериум за доделување на договор, цената, но не и останатите критериуми наведени во тендерската документација, поради што на економските оператори не им се обезбедени целосни, точни и прецизни информации.

Ревизијата препорачува Комисијата во соработка со основачот, Собранието на РМ, да превземе активности за регулирање на правото на плата од работен однос, надоместоци од плата и правата по престанување на функцијата за претседателот и членовите на Комисијата за хартии од вредност со Закон. Во соработка со Синдикатот да се пристапи кон измена на Колективниот договор на ниво на работодавец.
При спроведување на постапките за јавни набавки, надлежната комисија за спроведување на постапката реално да ги утврди роковите за спроведување на истата и доследно да ги применува критериумите за избор на економски оператор.

На 09.12.2011 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот, кои овластениот државен ревизор не ги прифати поради не доставени дополнителни релевантни докази кои би ја промениле утврдената состојба.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 10 до 13) заедно со ревизија на усогласеност на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за 2010 година кои се состојат од извештај за сеопфатна добивка за период од 01.01.2010 до 31.12.2010 година, извештај за финансиската состојба на ден 31.12.2010 година, извештај за промените во фондовите и резервите, извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2005 година на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и во однос на законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Марина Наќева-Кавракова, Претседател на Комисијата за хартии од вредост на Република Македонија од 12.09.2007 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали

финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.07.2011 до 16.08.2011 година кај Комисијата за хартии од вредност на Република Македонијае од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година, (Прилог број 1) .

Од вкупно 5 препораки дадени во конечниот извештај за 2005 година, од страна на Комисијата 2 препораки се спроведени, 1 препорака е делумно спроведена и 2 препораки се во тек.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Комисијата за хартии од вредност, одржан на ден 12.10.2011 година.

На 09.12. 2011 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот, кои овластениот државен ревизор не ги прифати поради не доставени дополнителни релевантни докази кои би ја промениле утврдената состојба.

## 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Согласно Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ„ број 95/2005, 25/2007, 7/2008 57/2010 и 135/2011), претседателот и комисионерите (членови) ги избира и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија. Со измените на Законот за хартии од вредност ( „Службен Весник на РМ„ број 7/2008 година), претседателот и комисионерите се професионално ангажирани во Комисијата со полно работно време и не можат да вршат друга функција и да бидат вработени на друго работно место и да добиваат друг надомест освен платата како комисионери и надоместоци од повремени едукативни и авторски хонорари. Со увид во законските, подзаконските, интерните акти и останатата документацијата со кои се уредуваат правата, обврските и одговорностите од работен однос на претседателот и комисионерите на Комисијата, ревизијата го утврди следното:

- Комисијата исплатата на платата на претседателот и на комисионерите ја има уредено со Правилник за внатрешна организациона поставеност и систематизација на работни места, Колективен договор на ниво на работодавец и Одлука за утврдување на вредност на бод. Колективниот договор на Комисијата за хартии од вредност број 01-2391/4 од 22.12.2009 година и измените и дополнувањата број 03-340/1 од 08.02.2010 година е склучен помеѓу претседателот на Синдикатот на работниците и член на Комисијата од претходниот мандат. Со Колективниот договор освен за работниците утврден е степенот на сложеност на работите и висината на бодовите за исплата на плата на претседателот и комисионерите, класифицирани во првата група на сложеност. Склучениот Колективен договор на ниво на работодавец на Комисијата не е во согласност со Законот за работни односи и истиот не се применува за работниците кои се со посебни овластувања и одговорности, раководни лица, избрани односно именувани лица. Колективниот договор преставува акт за регулирање на правата,

обврските и одговорностите од работен однос помеѓу работниците и работодавачите.

- Врз основа на претходно наведените акти, претседателот на Комисијата, во својство на работодавач, во јуни 2010 година склучил договори за вработување на определено време со избраните комисионери, кои меѓу другото содржат и одредби за престанување на важност на истите. Овој начин на склучување на договор за вработување од страна на претседателот со комисионерите не е уреден со закон. Претседателот и комисионерите се избрани лица со Одлука донесена од Собранието на РМ и истите се еднакви и ги имаат истите права и обврски што произлегуваат од изборот а се во насока на спроведување на одредбите на Законот за хартии од вредност.

Горенаведениот начин на утврдување на правата, обврските и одговорностите од работен однос на претседателот и комисионерите во Комисијата има за ефект субјективен пристап при нивното утврдување.

Ревизијата има потреба да истакне дека членот 9 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на РМ„ број 36/90...162/10), упатува дека средствата за плати на функционерите и раководните работници се обезбедуваат во буџетот на Републиката. Имајќи во предвид дека одреден број на функционери и раководни работници кои ги именува Собранито и Владата на Република Македонија имаат сопствени буџети и финансиски планови кои не се вклучени во Буџетот на Републиката, потребно е надлежните органи да превземат активности за иницирање и дополнување на соодветните закони кои го уредуваат ова прашање.

**Препорака:**

Комисијата за хартии од вредност да покрене иницијатива и тоа :

- во соработка со основачот, Собранието на РМ, да се превземат активности за регулирање на правото на плата од работен однос, надоместоци од плата и правата по престанување на функцијата за претседателот и членовите на Комисијата за хартии од вредност со Закон и
- во соработка со Синдикатот да се пристапи кон измена на Колективниот договор на ниво на работодавец со изземање на претседателот и комисионерите од истиот.

## 4.2. Користење на средствата согласно законските прописи

4.2.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки и тоа:

- врз основа на спроведена отворена постапка за јавна набавка на софтверски апликации и набавка на компјутерска опрема во која како критериуми за доделување на договор за јавна набавка се наведени цена (50 бода), квалитет (20 бода), гаранција (10 бода), рок на испорака (10 бода) и начин на одржување (10 бода), склучен е договор за јавна набавка на 03.05.2010 година со избраниот понудувач со вкупна вредност од 4.438 илјади денари со пресметан ДДВ. Со увид во документите кои произлегуваат од постапката за јавна набавка ревизијата утврди пречекорување на рокот на испорака, односно софтверските апликации и компјутерската опрема не се инсталирани во договорениот рок, видено од записникот за примопредање од 25.05.2011 година. Иако рокот на испорака како критериум за доделување на договор е пресметан само со 10 бода, сепак должност на договорниот орган да го почитува рокот на испорака наведен во договорот за цело времетраење на договорот, бидејќи на таков начин го доведува во нерамноправна положба понудувачот кои понудил разумни рокови, со што не е обезбедено доследно почитување на одредбите од членот 2 од Законот за јавни набавки, и
- спроведени се постапки за јавни набавки за набавка на стоки и услуги, со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас во текот на 2009 и 2010 година со реализација во 2010 година во износ од 838 илјади денари, за кои не е обезбедено доследно почитување на одредбите на членовите 32, 140 и 162 од Законот за јавни набавки. Имено финансиската понуда во тендерската документација е изработена на начин што е наведено барање само за еден критериум за доделување на договор, цената, а за останатите критериуми наведени во тендерската документација не се наведени барања и други неопходни информации. Овој начин на спроведување на постапките не му обезбедува на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на

спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка, од причини што евалуација на понудите се врши само за еден критериумите за доделување на договор за кој е наведено во понудата, (Прилог број 2).

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност на необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**
При спроведување на постапките за јавни набавки, надлежната комисија за спроведување на постапката реално да ги утврди роковите за спроведување на истата и да врши доследна примена на критериумите за избор на економски оператор.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точка 4 погоре ревизијата не утврди материјално значајни ефекти на финансиските извештаи.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење - за финансиски извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење - за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.2 , активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.ДО 31.12.2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Приходи од оперативно работење** | | |
| Приходи од провизии и надоместоци | 23,736 | 13,756 |
| Останати приходи | 37 | 152 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **23,773** | **13,908** |
| **Трошоци од оперативно работење** | | |
| Трошоци на вработените | 18,070 | 16,469 |
| Амортизација | 4,203 | 3,807 |
| Останати трошоци | 8,619 | 11,768 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **30,892** | **32,044** |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | (7,119) | (18,136) |
| Приходи од финансирање | 5,674 | 7,349 |
| Расходи од финансирање | 23 | 25 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | (1,468) | (10,812) |
| Данок на непризнаени расходи | 157 | 219 |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | (1,625) | (11,031) |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.12.2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 20,776 | 20,948 |
| Краткорочни депозити во банки | 68,200 | 68,204 |
| Побарувања од други субјекти субјекти | 3,779 | 4,554 |
| Други краткорочни побарувања | 2,050 | 2,272 |
| **Вкупно тековни средства** | **94,805** | **95,978** |
| | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални средства | 2,541 | 387 |
| Материјални средства | 59,843 | 62,631 |
| **Вкупно нетековни средства** | **62,384** | **63,018** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **157,189** | **158,996** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите и останати | 327 | 509 |
| **Вкупно тековни обврски** | **327** | **509** |
| | | |
| **Капитал и резерви** | | |
| Резервен фонд | 168,620 | 168,620 |
| Други резервни фондови | 898 | 898 |
| Пренесена загуба | 11,031 | 11,031 |
| Загуба за финансиска година | 1,625 | |
| **Вкупно капитал и резерви** | **156,862** | **158,487** |
| **Вкупна пасива** | **157,189** | **158,996** |

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## П Р Е Г Л Е Д

## НА ПРОМЕНИТЕ НА ФОНДОВИТЕ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Резервен фонд | Други резервни фондови | Пренесена загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **168,620** | **898** | **(11,031)** | **158,487** |
| Уплати на акции | | | - | - |
| Загуба за финансиска година | | | (1,625) | **(1,625)** |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | | | | - |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **168,620** | **898** | **(12,656)** | **156,862** |

| | |
|---|---|
| КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | |
| | |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2010 ГОДИНА | |
| | |
| | во 000 денари |
| | 2010/2009 |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | -1,625 |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| | |
| Амортизација | 4,203 |
| | |
| **Готовински текови од работење** | **2,578** |
| Побарувања од други субјекти | 774 |
| Други краткорочни побарувања | 222 |
| Депозити во банки | 4 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | (181) |
| | |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **3,397** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (3,569) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(3,569)** |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| | |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | - |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | (172) |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 20,948 |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 20,776 |

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ул. Димитрие Чуповски бр. 26
Поштенски фах 859
1000 Скопје
www.sec.gov.mk

Тел. (02) 3244-670
Факс: (02) 3244-671
E-MAIL: khv@sec.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 09.12.2011
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
19 - 419/5

**Број 05-2595/2** **Скопје, 07-12-2011 година**

**До Државен завод за ревизија**

**-За Г-ѓа Тања Таневска, Главен државен ревизор**

**Предмет: Забелешки по Нацрт-Извештај за ревизија на работење на Комисијата за хартии од вредност на РМ**

**Почитувана Г-ѓа Таневска,**

Во врска со Нацрт-Извештајот број 05-2595/1 од 09-11-2011 година за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на Комисијата за хартии од вредност на РМ во 2010, Ве известуваме за:

1. Во однос на резимето на извештајот во делот на усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики за 2010 година имате изразено мислење со резерва. Истото е детално образложено во точка 4.1-Усогласеност со закони и прописи. По однос на образложението го истакнуваме следново:

Согласно член 181 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010 и 135/2011), Комисијата за хартии од вредност на РМ претставува самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања кое се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на хартии од вредност и за заштитата на правата на инвеститорите, со цел за постојано јакнење на довербата на јавноста во институциите на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. Согласно Законот, Комисијата за хартии од вредност на РМ има статус на правно лице.

Согласно член 182 од Законот, Комисијата е составена од пет комисионери (членови) од кои еден е претседател. Претседателот и комисионерите (членови) се професионално ангажирани во Комисијата со полно работно време и не можат да имаат друга функција и да бидат вработени на друго работно место или да добиваат друг надомест освен платата како комисионери (членови) и надоместоци од повремени едукативни и авторски хонорари.

Согласно член 183 од Законот за хартии од вредност, Претседателот и комисионерите ги избира и разрешува Собранието на Република Македонија, по предлог на Владата на Република Македонија.

Согласно член 186 од Законот, со Комисијата раководи претседател, додека во случај на отсуство или спреченост на претседателот на

Комисијата, претседателот за време на неговото отсуство или спреченост го заменува комисионер (член) на Комисијата кој тој го назначува.

Согласно став 2 од истиот член, Претседателот се грижи за редовно свикување седници на Комисијата, го предлага дневниот ред на секоја седница, поднесува извештаи за активностите на Комисијата, во периодот меѓу две седници им дава упатства на комисионерите и вработените во Комисијата и го контролира нивното спроведување; ја организира и раководи стручната служба на Комисијата, се грижи за стручно усовршување на вработените во стручната служба и за примање и отпуштање од работа на вработените по претходно одобрение од мнозинството на комисионери; ги потпишува актите и решенијата на Комисијата; ја претставува Комисијата пред трети лица и го контролира спроведувањето на решенијата на Комисијата.

Претседателот на Комисијата, на барање на Агенцијата за вработување на РМ и согласно член 17 став 3 од Законот за работните односи (....кога се склучува договор за вработување со лица со посебни овластувања и одговорности, во име на работодавачот настапува органот, определен со законот, актот за основање или статутот), потпиша договори за вработување на определено време од 5 години (согласно член 182 став 2 од Законот) со секој избран член (комисионер) на Комисијата согласно Одлуката на Собранието на РМ.

Имајќи предвид напред наведеното, а согласно член 1 од Законот за работните односи (работниот однос се уредува со ЗРО и со друг закон, колективен договор и договорот за вработување), правата и обврските на членовите на Комисијата (комисионерите) се уредени со Законот за работни односи, со член 182, член 183, член 186, член 187, член 188 од Законот за хартии од вредност, Статутот на Комисијата за хартии од вредност на РМ бр.01-356/1 од 30-01-2009 година, Колективниот Договор на Комисијата за хартии од вредност на РМ бр.01-2391/4 од 22-12-2009 година, Правилникот за внатрешна организациона поставеност и систематизација на работни места на Комисијата за хартии од вредност бр. 04-2387/1 од 26-08-2009 година и договорите за вработување во Комисијата за хартии од вредност на РМ. Исто така истакнуваме дека кај самостојни регулаторни тела во РМ односите помеѓу избраните функционери и органот се уредуваат согласно ЗРО, Колективен договор и други акти.

Во однос на обезбедувањето на средства за финансирање, согласно член 227 од Законот, средствата за работа на Комисијата се обезбедуваат од надоместоци кои Комисијата ги наплатува за покривање на трошоците за извршените услуги.

2. Во однос на забелешката во точка 4.2-Користење на средствата согласно законските прописи, го истакнуваме следново:

Комисијата за хартии од вредност на РМ, при спроведување на постапките за јавни набавки доследно и целосно го применува Законот за јавни набавки, притоа недоведувајќи ги во нерамноправна положба економките оператори кои учествуваат во набавките.

Согласно член 5 од Договорот за јавна набавка на софтверски апликации и компјутерска опрема склучен на ден 03-05-2010 година помеѓу Комисијата за хартии од вредност на РМ и Дигит компјутерски инженеринг, економскиот оператор е должен во рок од 30 дена од денот на потпишување

на Договорот да ги инсталира софтверските апликации и компјутерската опрема. Согласно став 3 од истиот член, **по прифаќањето на сите софтверски апликации и по инсталација на компјутерската опрема** ќе се состави и потпише Записник за примопредавање.

Имено софтверските апликации за електронска седница, сметководствено и комерцијално работење, пресметка на плата и електронска евиденција на вработените се инсталирани во договорниот рок од 30 дена по потпишување на договорот (Видно од работните налози за извршена инсталација на софтверските апликации бр.5109126, бр.5109134, бр.5109133, бр.5109135, бр.5109141, бр. 5109144, бр.5109147, бр.5109149, бр.5109150 и Извадоците од системот за следење на употребата на софтверските апликации).

Согласно член 5 став 3 од Договорот за јавна набавка, записникот за примопредавање е составен на 25-05-2011 година, односно по прифаќањето и инсталацијата на сите софтверски апликации.

Согласно член 7 од Договорот, Комисијата за хартии од вредност на РМ, е должна да обезбеди услови **за квантитативниот и квалитативниот прием на софтверските апликации и компјутерската опрема** да го изврши овластено лице, кое ќе го потпише и Записникот за примопредавање.

Софтверската апликација за супервизија на овластените пазарни учесници-risk based supervision, поради објективни причини и не постоење на услови за квалитативниот прием, не беше инсталирана во договорениот рок. Имено заради комплексноста на софтверската апликација и потребата од преземање на базите на податоци на Македонска Берза АД Скопје и Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје (Дописи до Македонска Берза АД Скопје и ЦДХВ АД Скопје), во рокот од 30 дена, поради неподготвеност на нивните системи, не се создадоа услови за преземање и конекција со базите на двата субјекта, поради што на економскиот оператор-Дигит компјутерски инженеринг, не му беа создадени услови за инсталација на апликацијата.

Постапките за јавни набавки на стоки и услуги, со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, Комисијата за хартии од вредност на РМ ги спроведува со целосно почитување на одредбите од член 32, член 140 и член 162 од Законот за јавни набавки.

Имено согласно со член 32 од Законот, при подготовка на тендерска документација во сите наведени постапки се утврдени барањата, условите и критериумите со што на економскиот оператор му се обезбедени целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Евалуацијата на понудите кај сите наведени постапки е направена согласно член 140 од Законот. Имено согласно член 140 став 8, евалуацијата на понудите се врши **исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација** и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка. Сите критериуми за евалуација и избор на најповолна понуда кај наведените јавни набавки се изрично утврдени и прецизирани во тендерската документација (Во прилог тендерска документација за наведените јавни набавки).

Согласно член 160 од Законот, Комисијата за хартии од вредност на РМ, во сите наведени постапки, ја има избрано најповолната понуда, за што

е донесена одлука за избор, врз основа на критериумот за доделување на договорот утврден во огласот за доделување на договор за јавна набавка и во тендерската документација, притоа избраниот понудувач, во сите наведени постапки ги исполнува пропишаните критериуми за утврдување на способноста. Согласно истиот член одлуките за избор на најповолен понудувач, Комисијата за хартии од вредност на РМ ги има донесено во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите.

Се надеваме дека приговорите кои се изнесени ќе бидат прифатени од Ваша страна.

**Со почит,**

**Комисија за хартии од вредност на Република Македонија**
**Претседател**
**Марина Наќева-Кавракова**

**Прилог број 4**

**ОДГОВОР**

**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На ден 09.12. 2011 година, во законски предвидениот рок, добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Комисијата за хартии од вредност (Комисијата), од законскиот застапник, под број 05-2595/2, заведени во Државниот завод за ревизија под број 19-419/5.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1.** кој се однесува на правото на плата, надоместоци од плата од работен однос како и правата по престанување на функцијата на претседателот и комисионерите **не се прифаќа**. Ревизијата констатира дека горе наведените права од работен однос на комисионерите не се регулирани со Закон, поради што исплатата на платата кај овие вработени Комисијата ја има уредено со Правилник за внатрешна организациона поставеност на работните места и Колективен договор на ниво на работодавец, иако комисионерите се избрани лица на Собранието на Република Македонија. При вршењето на ревизијата овластениот државен ревизор ги имаше во предвид законските одредби од Законот за работните односи и Законот за хартии од вредност, дадени во забелешките, врз основа на кои Комисијата во недостаток на прецизна законска рамка ги регулирала правата од работен однос на комисионерите. Комисијата не достави дополнителни докази или аргументи кои ќе придонесат овластениот државен ревизор ја изземе констатацијата во ревизорскиот извештај.

2. Упатените забелешки на точка 4.2.1., алинеја 1 и 2 кои се однесуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки **не се прифаќаат**, поради следново:

   - Во врска со реализација на Договорот за јавна набавка на софтверски апликации и компјутерска опрема, законскиот застапник на Комисијата ги објаснува причините кои довеле до таквата состојба односно до пречекорување на рокот на испорака. Забелешките не содржат информации со кои ќе се оспорат или изменат утврдените состојби и истите ревизијата ги имаше во предвид и во периодот на вршењето на ревизијата. Во прилог на забелешката, доставени се

компјутерски записи кои ревизијата не може да ги прифати како релевантен доказ.

- Во врска со постапките за јавни набавки спроведени со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, наведени се општи констатации за примена на членови од Законот за јавни набавки без да се достават нови факти и докази, со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________________